Комунист 29·XII·'86

*Ликовна уметност*

# Своја поетика



Оставаме зад нас мошне динамична година во поглед на разновидните и интересни ликовни случувања. Можеби стеснетите материјални можности влијаеја на определбата за еден постегнат и поквалитетен приказ во оваа област.

Како и минатата, така и оваа година основниот белег го даваат младите творци: по бројност, активност и возбудливост на изразот. Изложбата **„Од чудотворностите на ливадата до радоста на живеењето"** на шестмината ликовни уметници: Д. Манев, П. Николоски, Д. Петковиќ, А. Светиева, Г. Стефанов и С. Шемов, организирана во почетокот на годината, како симболично да го промовираше новото насочување, „филозијата на утрото" (како би рекла припадничката на новата италијанска ликовна критика, Лоредана Пармезани). Кон релативната врамнотеженост на нивните интелектуални и творечки можности се придружија и повеќе автори, учесници на изложбата **„Осумдесеттите години во македонската ликовна уметност"**, со блискоста на размислувањата и стремежот кон индивидуалноста на поетиката.

Ако првоспоменатата изложба значеше сублимат на оние млади автори, кои поведувањето и трендовското следење го заменуваат со лична реторика и верување во самостојните вредности на делото како такво, повеќето од учесниците на втората изложба објавуваат за прв пат во современата македонска ликовна историја, помасовно и речиси синхроно ликовно изразување со некои други средини во Југославија, па дури и во светот. Таа едновременост е најјасна во оној сегмент кој значи отсуство на медиумска, стилска и дисциплинска конкретност.

Самостојната изложба на Глигор Стефанов во Музејот на современата уметност дојде токму во вистинскиот момент кога тој речиси едновремено беше присутен и на изложбите во некои други републики и во Австрија (заедно со Анета Светиева). Станува збор за творец со очевидна дарба да го почувствува и обликува просторот на свој начин. Држејќи и до специфичностите на материјалот и националната традиција, тој сведочи за една аподиктична припадност на сопствената духовна, географска и културна средина. Тој е автор кој без предрасуди ги негува аспектите на „духот на местото" кој ја овозможува блискоста, тактилноста и непосредноста на неговата ликовна егзистенција. Анета Светиева (која излага често заедно со Стефанов: Сараево, Скопје, Белград, Грац, Виена...) во многу појдовни аспекти е блиска до него, особено во оној идеен сегмент кога се измируваат антагонизмите меѓу сегашноста и минатото и во способноста да се остане крвно врзан за поднебјето и таа врска да прерасне во своевиден авторски говор кој ги надминува локалните простори од кои никнува.

За автентичен ликовен свет по себе се застапуваат и сликарите БЛАГОЈА МАНЕВСКИ, ЈОВАН ШУМКОВСКИ и ПЕРИЦА ГЕОРГИЕВ и вајарот СТАНКО ПАВЛЕСКИ, на мошне кохерентната изложба „СОСТОЈБА 86". Тоа се четворица млади уметници за кои веруваме дека сè почесто ќе слушаме и ќе ги гледаме. Особено Б. Маневски изненадува со зрелоста, дефинираноста и лапидарноста на ликовната артикулација.

Неколку ретроспективи значеа рекапитулација на творештвото на РИСТО ЛОЗАНОСКИ, ДИМЧЕ ПРОТУЃЕР, и СИМОН ШЕМОВ НИКОЛА ФИДАНОСКИ, со сериозен пристап и желба да се преиспитаат некои несоодветни вреднувања во дел од нашата ликовна историја.

Во извесна преносна смисла и изложбата „КОМУНИКАЦИИ" на ЈОРДАН ГРАБУЛ ја обединуваше на еден суштествен начин целокупната ликовна емпирија на овој скулптор, кој, судбината сакаше, ненадејно да почине за време на одржувањето на неговата изложба во изложбениот салон на МАНУ.

Побрз ритам го одбележа и присуството на македонските ликовни уметници во други ликовни центри во Југославија: Димитар Манев во Нови Сад, Загреб, Приштина (заедно со Филип Горѓиев), Светиева во Љубљана, Сараево и Белград; Глигор-Чемерски во Будва и др. (земени се предвид самостојните и поважни групни изложби.

Од југословенските изложби одржани во Скопје ги посочувам студиската изложба „ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ГРАФИКА 1950–1980" и интегралниот ликовен блок презентиран во рамките на Загрепскиот културен мозаик: Едо Муртиќ, Златко Кесер и мошне студиозно и професионално подготвената изложба „Тајните слики на Јосип Рачиќ и Мирослав Кралевиќ".

Од странските издвојувам две одлични изложби: „Јапонскиот плакат" и „40 години на британската скулптура".

Видео фестивалот во организација на РТВ Скопје и Уметничката галерија, иако не понуди премиерен материјал, значеше многу во оваа дефицитарна ликовна област.

Ако бараме уметници на годината, следејќи ја тензијата и густината на ликовно-естетската изразност, аксиолошките аспекти, логиката на честото споменување на некои имиња во информативните медиуми и присуството во изложбените сали, ќе се задржам на имињата: ГЛИГОР СТЕФАНОВ, АНЕТА СВЕТИЕВА, ДИМИТАР МАНЕВ, СИМОН ШЕМОВ, БЛАГОЈА МАНЕВСКИ, СТАНКО ПАВЛЕСКИ, ТОМЕ АЏИЕВСКИ и ЈОВАН ШУМКОВСКИ.

**Соња Абаџиева Димитрова**